28

Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ - - SEKRETARIATI I PËRGJITHSHËM -

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примено: / E pranuar: 26. 01. 2022
Орг. Един. / Njësia org.: 19-741
Вредност: / Vlera:
Врска: 19-138/7,2,3-21

## Младински културен центар - Битола

(Име на здружението/ фондацијата)

## ЗАВРШЕН ОПИСЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

**Заедно до нови работни места**

(Име на проектот)

Битола, 26. 01. 2022 година
(место) (датум)

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на договор за обезбедување на финансиска поддршка | 19 – 132/2 |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Младински културен центар - Битола |
| Наслов на проектот | Заедно до нови работни места |
| Период на спроведување на проектот | од 01.08. 2021 година до 31.12.2021 година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Златко Талевски |
| Проектен менаџер | Александар Тодоровски |
| Телефон и е-пошта за контакт | 075 407 169 mkcbt@t.mk |
| Цел на проектот | Намалување на младинската невработеност и зајакнување на главните врски помеѓу понудата и побарувачката на пазарот на труд преку поддршка и јакнење на компетенциите на младите луѓе за полесно вработување. |
| Целна група | Млади невработени лица 18 – 35, со посебен фокус на млади лица од ранливи категории семејства и корисници на социјална помош. |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Пелагониски регион |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување на финансиска поддршка) | 600.000 ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 600.000 ден. |

**2. Резиме - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот (Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)**

Целта на проектот „Заедно до нови работни места“ е придонес кон намалување на младинската невработеност и зајакнување на главните врски помеѓу понудата и побарувачката на пазарот на труд преку поддршка и јакнење на компетенциите на младите луѓе за полесно вработување и започнување на сопствен бизнис.

Кризата предизвикана од КОВИД – 19 го зголеми губењето на работни места, а како дел од итните мерки за справување со кризата, релевантно е адресирањето на проблемот на младинската невработеност за време на кризата и во посткризниот период. Преку проектот обезбедивме два пакети за зајакнување на вештините и компетенциите на млади невработени лица и тоа 1) сет на обуки за користење на современи и актуелни алатки за вработливост согласно моменталните потреби на работодавачите и личен кариерен развој .

Во процесот беа вклучени 20 млади невработени лица 18 – 35 од Пелагонискиот регион, со посебен фокус на млади лица од ранливи категории семејства.

На учесниците им дадовме шанса за нов почеток, преку процесот за планирање на својот личен кариерен план и развој. Ги насочивме кризата да ја препознаат како можност за развој на нови иновативни идеи за започнување на сопствен бизнис и/или индивидуален раст и развој во нови индустрии како побрзо и полесно ќе дојдат до посакувана работна позиција.

**3. Спроведени активности и резултати од проектот**
Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| Јавен повик, промоција и селекција на учесници во бесплатни програми за вработливост и започнување на сопствен бизнис | Креиран и објавен е Јавен повик. На повикот се пријавени 23 лица кои ги исполнуваа наведените критериуми и покажаа интерес и мотивираност за вклучување во обуките. Со пријавените лица реалзиаравме кратко интервју и сите пријавени лица се вклучија во програмата за вработливост. Во оваа фаза комуницираме и со АВРСМ, подрачната канцеларија во Битола која го сподели јавниот повик со лицата кои ги имаат во својата дата база а ги исполнуваа поставените критериуми. | Септември 2021 | -Креиран и објавен е Јавен повик за вклучување во бесплатна програма за вработливост. -Зголемена информираност и мотивација на млади невработени лица од Пелагонискиот регион да се вклучат активно во процесите на наоѓање на работа и започнување сопствен бизнис<br><br>Вклучени 20 млади невработени лица во процес на неформално образование за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | стекнување вештини и компетенции за полесно вклучување на пазарот на труд. |
| Подготовка на модули и прирачници за програмите, селекција на едукатори | Селектиравме едукатор кој има искуство на темата, младинска невработеност. Комплетиран е тимот на проектот.<br>Ангажиравме млади лица кои се искусни во делот на кариерно советување, кариерно информирање и кариерно водење од една страна и со вештини и искуство за реализирање на обука за подобрување на вештини за вработување (комуникациски вештини, CV, Мотивациско писмо, Linkedin и сл.).<br>Во соработка со проектниот менаџмент, тимот на проектот, едукаторот и менторот подготвија програма и прирачник за учесниците.<br>Реализиран е еден состанок за запознавање на кој тимот ги слушна очекувањата на учесниците и направи проценка на нивото на нивните вештини за вработливост како би ја адаптирале подготвената програма и би се прилагодиле на нивните потреби и очекувања. | Август, септември 2021 | -Селектирани се 1 едукатор и 1 ментор,<br>-Креирани се модулите по кои ќе се одвива едукативниот процес<br>-Креиран е прирачник за програмата |
| Реализација на програмата за вработливост | Во втората половина од септември започнавме да реализираме обуки во рамките на планираниот циклус за јакнење на капацитетите за вработливост. Во оваа фаза, имаме 20 активни учесници во програмата. | Септември, октомври, ноември 2021 | Зголемени вештини и компетенции на 20 млади невработени лица за вработливост и креирање на личен кариерен план. Реализирани обуки и менторска поддршка на 20 учесници. |
| Подготовка на наративен и | Административна работа на проектот | Декември 2021 | Комплетирана е проектната |



[redacted]

| | | | |
|---|---|---|---|
| финансиски извештај | | | документација (програмска и финансиска) |

**4. Проблеми во спроведувањето на проектот** (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

Реализацијата на овој проект не беше пропратена со проблеми.
Како резултат на КОВИД 19 пандемијата се соочивме со ситуација да повториме некои делови од обуката за да дел од учесниците кои пропуштија некои од работилниците од оправдани причини го надоместат пропуштенто. Оваа ситуација не влијаеше воопшто на резултатите.

**5. Видливост и јавност** (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |
| / | / | / | / |
| | | | |
| | | | |

**6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот**

Преку проектните активности се формира компактен тим и компактна група од учесници кои воспоставија одлична комуникација и соработка.Учесниците се надополнуваа и соработуваа во текот на целиот процес, разменуваа корисни информации и се поддржуваа.
Во очекување на Оперативниот план за вработување 2022 година во наредниот период остануваме во комуникација со сите учесници како би им помогнале во процесот до вработување преку споделување информации и можности согласно нивните потреби, афинитети и капацитети.
Некои од учесниците покажаа интерес да се вклучат во различни процеси на неформално образование и програми за мобилност. Во оваа насока остануваме во континуирана комуникација со групата.

## 7. Финансиски извештај

| Структура на трошоци | Доделени средства (според доставениот ревидиран буџет на проектот) | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **I. Вработени (вкупно)** | **303.850** | **303.850** | |
| Плати | 101.800 | 101.800 | |
| Придонеси и даноци од плати | 52.050 | 52.050 | |
| Надоместоци и хонорари | 135.000 | 135.000 | |
| Придонеси и даноци од надоместоци и од хонорари | 15.000 | 15.000 | |
| **II. Патни трошоци (вкупно)** | **25.000** | **25.000** | |
| Транспорт | 25.000 | 25.000 | |
| Хотелско сместување | 0 | 0 | |
| Дневници | 0 | 0 | |
| **III. Опрема (вкупно)** | **50.000** | **50.000** | |
| ИТ - опрема | 50.000 | 50.000 | |
| Мебел | 0 | 0 | |
| Друга опрема (специфицирај) | 0 | 0 | |
| **IV. Канцелариски материјали (вкупно)** | **20.000** | **20.000** | |
| Канцелариски материјали | 20.000 | 20.000 | |
| Други трошоци (специфицирај) | 0 | 0 | |
| **V. Други директни трошоци (вкупно)** | **5.000** | **5.000** | |
| Трошоци за комуникација Интернет | 0 | **0** | |
| Банкарски провизии | 5.000 | 5.000 | |
| **VI. Индиректни трошоци (вкупно)** | **50.000** | **50.000** | |
| Користење канцеларија | 50.000 | 50.000 | |
| Други индиректни трошоци (специфицирај) | 0 | 0 | |
| **VII. Специфични трошоци поврзани со програмата (вкупно)** - *искористете ги овие ставки доколку е потребно, додадете детали или ставки што се релевантни за вашата програма* | **146.150** | **146.150** | |
| Договори за услуги | 100.000 | 100.000 | |
| Изнајмување простории за организирање настани | 0 | 0 | |
| Публикации | 0 | 0 | |
| Конференции и работилници | 46.150 | 46.150 | |
| Комуникациски продукти | 0 | 0 | |
| **Вкупни трошоци (I+II+III+IV+V+VI+VII)** | **600.000** | **600.000** | |

Согласно член 10 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка како неоправдани трошоци се сметаат: инвестиции во капитал, заеми, камати, глоби и трошоци за судски постапки, набавка на користена опрема, трошоци за дополнително

здравствено и пензиско осигурување (освен задолжителното), трошоци за бонуси кон вработените, трошоци кои веќе се финансираат од други (јавни) средства во текот на спроведувањето на проектот, придонес во натура, трошоци кои не се во согласност со Договорот или целите на проектот.

## 8. Документација
(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)

Согласно член 10 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, во прилог на Завршниот извештај Ви доставуваме: копии од листи на учесници, фотографии од обуките, копија од подготвениот Прирачник како и деталнa документација за сите трошоци (за неготовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот и поврзаните изводи од банка; за готовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот, копии од фискални сметки и сметкопотврда; друга документација: - договори, извештаи за плата и други релевантни документи).

Битола, 26. 01 2022 год.

(Место) (датум)

Златко Талевски, Извршен директор

(име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата

(Потпис)

М.П.

МЛАДИНСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР БИТОЛА